Дневни билтени

2015

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016

2017

2018

2019

2020

2021

Извадок на дел од дневни настани 26.01.2021

Вчера (25.01.2021) во 12 часот и 40 минути, Б.А.(35) од Скопје во СВР Тетово пријавил дека поради големи снежни навеви, бил отсечен пристапот до неговата викендичка на Попова Шапка, во која се наоѓале и сопругата и двете малолетни деца и дека поради тоа тие не се во можност да излезат надвор и да заминат кон Скопје. Б.А., исто така, кажал дека во викендичката немаат електрична енергија и дека веќе немаат резерви од храна и огрев. Веднаш по пријавата, полициски службеници од Полициското одделение Попова Шапка се упатиле кон викендичката за да ги евакуираат лицата, а во меѓувреме во координација со локалната самоуправа е ангажирана и потребната механизација за пробивање на пат, по што лицата со возило на Секторот за внатрешни работи Тетово се пренесени до нивниот дом во Скопје.

На 25.01.2021 во 14,20 часот на Граничен премин „Табановце" од полициски службеници, била приведена К.М.(60) од Р.Косово, бидејќи при контрола било констатирано дека истата незаконски престојувала во РСМ. Лицето е предадено на полициски службеници од СВР Куманово за понатамошна постапка.

На 25.01.2021 во 14.20 часот во с.Батинци од полициски службеници од СВР Скопје лишени од слобода се А.Р.(20) и Е.Ц.(21) двајцата од с.Батинци,скопско, бидејќи кај нив е пронајдена марихуана. По целосно документирање на случајот против лицата ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 25.01.2021 во 13.30 часот во Полициска станица Аеродром, Ј.Б.(47) од Скопје, пријавил дека на булевар "Јане Сандански" бил каснат од куче скитник.

На 25.01.2021 во 14.10 часот во Скопје на улица „50-та Дивизија" велосипед управуван од засега непознато лице кое го напуштило местото на настанот удрил во пешакот А.Р.(47) од Скопје. На А.Р. во ПЗУ „Адибадем Систина" му била укажана лекарска помош и му биле констатирани тешки телесни повреди. Извршен е увид на местото на настанот.

Мобилната единица за безбедност во сообраќајот при Министерството за внатрешни работи вчера (25.01.2021) спроведе засилена акциска контрола во областа на сообраќајот на автопатот Скопје-Тетово, при што санкционирани се 83 возачи кои возеле со брзина поголема од дозволената. Двајца возачи возеле дури над 70 километри на час над дозволеното, 27 возачи со над 50 километри на час над дозволеното...

На 25.01.2021 во 15,35 часот во Скопје, на крстосницата на улица „Ѓорче Петров" и улица „Сремски фронт" се случила сообраќајна незгода помеѓу патничко моторно возило „опел корса" со скопски регистарски ознаки, управувано од В.В.(72) од Скопје и мотоцикл „јамаха" исто така со скопски регистарски ознаки, управуван од Р.Ч.(26) од Скопје. По незгодата Р.Ч. бил пренесен во комплекс клиники „Мајка Тереза", каде му биле констатирани тешки телесни повреди. Извршен е увид на местото на настанот.

Министерството за внатрешни работи во текот на вчерашниот ден (25.01.) продолжи со засилените акциски контроли во областа на сообраќајот. На територијата на град Скопје изречени се вкупно 218 мерки, меѓу кои за возење без возачка дозвола 18 санкции, 21 мерка за користење на мобилен телефон, седум за технички неисправни и нерегистрирани возила. Изречени се 12 мерки за некористење сигурносен појас, 15 санкции за непочитување на брзината на движење, седум за минување на затворен сигнал(црвено светло), седум за непрописно престигнување и 79 мерки за непрописно паркирани возила.

Секторот за внатрешни работи Тетово вчера (25.01) спроведе засилена акциска контрола за санкционирање на неправилното престигнување, во која биле откриени и законски санкционирани вкупно 49 прекршоци (ТЕ-32 и ГВ-17). На сите прекршители изготвени им се соодветни платни налози.

Поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „овозможување употреба на наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурзори", ОВР Кичево поднесе кривична пријава против Е.Д.(43) од Кичево. На 18.01.2021 година, при претрес извршен во неговиот дом во Кичево, полициските службеници ја затекнале С.Ш.(61) од Швајцарија при користење дрога по што пронајдени се и одземени повеќе предмети со остатоци од кокаин.

ОВР Дебар поднесе кривична пријава против Џ.А.(52) од дебарското село Отишани, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „непостапување според здравствените прописи за време на епидемија". При контрола извршена на 08.01.2021 година, полициските службеници констатирале дека пријавената не се придржувала до решението од Државниот здравствен и санитарен инспекторат за задолжителна домашна самоизолација.

СВР Скопје поднесе кривична пријава против М.Ѓ.(29) од Скопје поради постоење основано сомнение за сторени кривични дела „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурсори" и „недозволено изработување, држење и тргување со оружје или распрскувачки материи". На 26.11.2020 во 18,20 часот, при извршен претрес на дом и други помошни простории, во куќа во с.Моране,скопско, биле пронајдени и одземени 610 грама марихуана, остатоци од хашиш смола и пиштол.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Свети Николе поднесе кривична пријава против А.Ј.(30) од Свети Николе, поради постоење основано сомнение за сторено кривично дело „„овозможување употреба на наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурзори". На 20.09.2020 во 18,40 часот, од полициски службеници од ОВР Свети Николе во куќа во Свети Николе биле затекнати А.Ј. и А.Б. на кој А.Ј. му овозможил да користи хероин.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Кичево поднесе кривична пријава против Е.Е.(45) од Кичево поради постоење основано сомнение за сторено кривично дело „недозволено изработување, држење, посредување и тргување со оружје или распрскувачки материи". На 24.12.2020 од страна на полициски службеници од ОВР Кичево при извршен претрес во дом и други помошни простории сопственост на Е.Е. и правно лице со седиште на истата адреса, биле пронајдени и одземени околу 36.862 различни видови на пиротехнички средства и пиротехнички материјали.

СВР Скопје поднесе кривична пријава против Ф.М. (27) од Скопје поради постоење основано сомнение за сторено кривично дело „недозволено изработување, држење, посредување и тргување со оружје или распрскувачки материи". На 13.12.2020 од страна на полициски службеници при извршен претрес во дом и други помошни простории во с.Долно Свиларе,скопско биле пронајдени и одземени 17 куршуми со калибар 7,62 х39 мм.

ОВР Прилеп поднесе кривична пријава против Д.С.(38) поради постоење основано сомнение за сторено кривично дело „измама при добивање кредит или друга погодност " и против правно лице од Прилеп, поради постоење основано сомнение за сторено кривично дело „Измама при добивање на кредит или друга погодност" . Д.С. во текот на 2016 година, како невработено лице, со намера да се стекне со противправна имотна корист, поднел апликација за активна мерка по Програмата и Пријавата за користење на грант согласено условите од Програмата . По одобрување на апликацијата основал фирма од Прилеп и склучил Договор со Агенција за вработување и УНДП по кое искористил средства за директна набавка на опрема и материјали во вредност од 185.000 денари, на штета на Буџетот на Република Северна Македонија, меѓутоа спротивно на договорот и обврските, воопшто не реализирал финансиски трансакции и исплата на бруто плати, а фирмата по службена должност од страна на Централен регистар во тек на 2019 година била ликвидирана.

ОВР Радовиш поднесе кривична пријава против седум лица (М.Р.(41),В.А.(45), С.В.(44), Р.М.(31), А.Ѓ.(46), А.М.(47) и Д.А.(45)) од село Иљево, поради постоење основано сомнение за сторено кривично дело „непостапување според здравствените прописи за време на епидемија". На 05.01.2021 во 22,20 часот, од страна на полициски службеници при Полициска станица Радовиш по пријавен настан во с.Иљево било констатирано дека пријавените лица биле насобрани во група и не ги почитувале мерките на Владата на Република Северна Македонија и Министерството за здравство.

СВР Охрид поднесе кривична пријава против Љ.А.(54) од Охрид поради постоење основано сомнение за сторено кривично дело „непостапување според здравствените прописи за време на епидемија". На 19.12.2020 во 12,30 часот при извршена контрола од страна на полициски службеници. Љ.А. не бил затекнат на пријавената адреса за самоизолација, со што не го почитувал издаденото Решение од Државниот санитарен и здравствен инспекторат-Охрид со мерка самоизолација.

На 25.01.2021 во 09,00 часот во СВР Скопје, А.Д (54) од Струга пријавил дека додека бил работно ангажиран да врши надзор на градежните работи на пазарот на подрачје на Бит Пазар бил физички нападнат од М.Н., поранешен вработен во фирмата што управува со пазарот. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 25.01.2021 во 08,00 часот на крстосницата од улица "Франклин Рузвелт" и улица "Орце Николов", С.С.(27) од Скопје, управувајќи патничко моторно возило "хонда сивик" со скопски регистарски ознаки удрила во пешакот Д.С. (41) од Скопје. По незгодата, Д.С. бил пренесен во Комплекс клиники "Мајка Тереза" каде му биле констатирани тешки телесни повреди. Извршен е увид на местото на настанот.

На 25.01.2021 во времето од 07.00 до 11.00 часот на подрачјето на Секторот за внатрешни работи Струмица била спроведена акциска контрола за санкционирање на возачи кои вршат неправилно престигнување и обиколување. Притоа, биле откриени 44 прекршоци, од кои 14 по акциската контрола и 30 останати прекршоци, кои се соодветно санкционирани.